Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

12 февруари, 2019

# З А П И С Н И К

од Деветтата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 12.02.2019 година

Скопје, февруари 2019 година

# З А П И С Н И К

од Деветтата седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 12.02.2019 година

Седницата започна во 14:10 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација и членовите: Славјанка Петровска, Министерство за внатрешни работи; Виктор Митевски, Министерство за финансии; Маја Лазареска-Јовеска, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Гордана Ивановска-Велковска, Министерство за култура; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Суеда Бајрами, Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје; Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Мимоза Богданоска-Јовановска, Македонско научно друштво Битола; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје, Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово, Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје и Љупчо Петковски, Здружение на граѓани за истражувања, анализи и развој на јавни политики Евротинк-Центар за европски стратегии Скопје.

На седницата отсуствуваа членовите на Советот: Миљазим Мустафа, Министерство за правда; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Ангелина Бачановиќ, Министерство за здравство; Сафет Незири, Министерство за образование и наука; Дарко Каевски, Агенција за млади и спорт; Марјан Николов, Центар за економски анализи; Јасна Мандиќ, Здружение на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Бесим Небиу, Здружение на новинарите на Македонија Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

На седницата присуствуваа и: Маја Петковска-Лесес, Кабинет на Роберт Поповски, министер без ресор во Владата, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност; Филип Чапароски, Национален демократски институт и претставници од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Сања Савовска, Елпида Петковска и Загорка Видоевска.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Осмата седница на Советот, одржана на 11.12.2018 година

1. Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2018 година

2. Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2018 година

3. Извештај со предлог мерки/барања до надлежните институции, за состојбите со говорот на омраза и делата од омраза и нападите на ЛГБТИ центарот за поддршка

4. Предлог-образец на пријава за воспоставување нов регистар на граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk

5. Номинирање претставници на граѓански организации за членови во работната група на Министерството за правда за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации

6. Прашања и предлози

*

*      *

Пред преминувањето на Дневниот ред, претседателката Фани Каранфилова-Пановска ги информираше присутните дека Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори со Европската Унија не е ставен на дневен ред на седницата на Советот, бидејќи се уште не е добиено мислење од Секретаријатот за европски прашања, а мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата е повлечено. Истакна дека доколку до крајот на оваа недела, не се добие мислење од овие две институции, работната група ќе побара мислење по Предлог-моделот од сите институции претставени во Советот.

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го одложи за наредната седница усвојувањето на Записникот од Осмата седница на Советот, одржана на

11.12.2018 година поради потребата Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да ги преработи препораките и мислењето на Советот по Предлог-програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година и мислењето да го достави до Владата, со цел Владата да ги има во предвид забелешките на Советот при евентуална измена на Буџетот за 2019 година и при планирањето на средствата наменети за финансирање на граѓанските организации во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

*

* *

**<u>Точка 1</u>**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги информираше членовите на Советот за начинот на подготовка на Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2018 година и укажа дека во тек е подготовка на посебен дел (платформа) на www.nvosorabotka.gov.mk за следење на спроведувањето на Стратегијата, во кој информациите од табеларните дел на Извештајот ќе бидат збогатени со прилози (усвоени акти, документи, линкови до документи или објави за одржани настани, фотографии од настани и сл.).

Претседателката Фани Каранфилова Пановска побара од Одделението за соработка со невладини организации да направи дополнителна проценка на статусот на реализираните активности, особено на активностите 2.1 и 2.2 и активностите со рок на реализација „2018 - континуирано“.

Ваквиот став го поддржа Лилјана Јоноски, а како пример ја посочи активноста 11.1 укажувајќи дека со одржани две обуки не може да се смета дека се изградени капацитетите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор или во делот за подобрување на правната рамка за постапките за добивање на потребните информации од Централниот регистар (активност 12.2) да се смета за реализирано само врз основа на тоа што постои можност согласно постоечките процедури Централниот регистар да дава податоци на органите на државната управа, по поднесено барање, за што не беа запознаени и информирани ниту самите претставници на институциите присутни на седницата на Советот. Дополнително напомена дека голем број од активностите така како што се наведени во стратегијата се процеси кои што траат подолго време и во континуитет, а резултатите може да бидат видливи многу подоцна односно по одреден временски период, а не врз основа на одржани неколку средби или обуки. Пример, активност 13.1 каде што се говори за воспоставување на комуникациски систем и пракса за размена на искуства за поддршка на развојот на граѓанскиот сектор на локално ниво, да се смета за реализирана активноста со 3 одржани средби и објавен повик за грантови во 5 општини.

Ирена Цветковиќ предложи кај дел од реализираните активности во колоната „Ризици и проблеми и предлози за надминување“, да се формулираат укажувања и

препораки до институциите за дополнителни активности или за продолжување на активностите и во 2019/2020.

**Заклучок:**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го одложи од разгледување за наредната седница Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2018 година, поради потребата Одделението за соработка со невладини организации да го преработи табеларниот дел на Извештајот, во делот „Степен на спроведување", согласно расправата на седицата на Советот.

**<u>Точка 2</u>**

Претседателката Фани Каранфилова-Пановска побара табелата за присуство на седниците на членовите на Советот да биде составен дел на Извештајот. Поради нередовно присуство на седниците на дел од членовите и честата работа на Советот на границите на кворум, таа предложи да се формира работна група за измена на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и Деловникот за работа на Советот, во делот на назначување заменици на членовите на Советот и престанок на членување во Советот поради отсуство на седниците (член 9 став 1 алинеја 2). За членови на работната група се пријавија: Гордана Гапиќ-Димитровска, Уранија Пировска, Лилјана Јоноски и Зоран Илиески.

Гордана Гапиќ-Димитровска побара Одделението за соработка со невладини организации да го преработи Извештајот за работата на Советот во 2018 година, при тоа, во првиот дел текстот што е во фуснота, да биде прилог на Извештајот, вториот дел да биде насловен како Активности преземени од страна на Одделението за соработка со невладини организации како административно-техничка поддршка на Советот, а во третата точка да се даде приказ на работата на Советот со наведување на вкупен број на одржани седници, како и тематски седници, вкупен број на разгледани материјали, број на донесени заклучоци и препораки.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го одложи од разгледување за наредната седница Нацрт-Извештајот за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2018 година, поради потребата Одделението за соработка со невладини организации да го преработи Нацрт-Извештајот, согласно расправата на седницата на Советот.
2. Се формира работна група за изработка на предлог за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и на Деловникот за работа на Советот, во состав: Гордана Гапиќ-Димитровска, Уранија Пировска, Лилјана Јоноски и Зоран Илиевски.

3. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви извадок од записниците од седниците на Советот во кои се содржани забелешки и препораки за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот.

## Точка 3

Уранија Пировска ги информираше членовите на Советот за новините во Извештајот со предлог мерки/барања до надлежните институции, за состојбите со говорот на омраза и делата од омраза и нападите на ЛГБТИ центарот за поддршка, во однос на текстот што беше разгледан на претходната седница на Советот и побара материјалот заедно со препораките да се достави до Владата.

Душан Томшиќ и Славјанка Петровска информираа за искуствата од своите министерства во однос на формата на материјалите што се доставуваат за разгледување на седница на Владата.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска укажа на можноста материјалот, со препораките содржани во него, Советот да го достави до ресорните министерства или Одделението за соработка со невладини организации да подготви придружни документи, согласно Деловникот за работа на Владата, и Советот да го достави материјалот за разгледување од страна на Владата. При тоа, Одделенито ќе изврши дополнителни консултации за формата на материјалот со Секторот за седници на Владата на Генералниот секретаријат.

**Заклучоци:**

1. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор го разгледа Извештајот со предлог мерки/барања до надлежните институции, за состојбите со говорот на омраза и делата од омраза и нападите на ЛГБТИ центарот за поддршка, подготвен од Хелсиншкиот комитет за човекови права.
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации Извештајот со предлог мерки/барања до надлежните институции, за состојбите со говорот на омраза и делата од омраза и нападите на ЛГБТИ центарот за поддршка, да го достави до Владата, со придружни документи подготвени согласно Деловникот за работа на Владата.

## Точка 4

Советот не расправаше по Предлог-образецот на пријава за воспоставување нов регистар на граѓански организации на www.nvosorabotka.gov.mk.

**Точка 5**

Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги информираше членовите на Советот за преземените активности на Одделението за соработка со невладини организации поврзани со активноста 1.1. од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020. Имено, Одделението, во консултација со Министерството за правда, на 3.12.2018 оствари средба со Граѓанскиот ресурсен центар и во март 2019 година планирани се консутативни средби со граѓанските организации во Скопје, Прилеп, Гостивар и Штип за согледување на потребите за измена на Законот за здруженија и фондации. Предложи Советот да номинира претставници од граѓанскиот сектор во работната група на Министерството за правда за измени на Законот за здруженија и фондации, од редот на своите членови или од пријавени кандидати на граѓански организации на оглас што може да го објави Министерството за правда или Одделението за соработка со невладини организации.

Претседателката Фани Каранфилова Пановска побара членовите на Советот да се консултираат со граѓанските организации што ги претставуваат во Советот и за наредната седница на Советот да предложат членови во работната група на Министерството за правда за изработка на измени и дополнувања на Законот за здруженија и фондации.

**Точка 6**

Јане Чаловски побара од Одделението за соработка со невладини организации информација во врска со начинот на утврдување и намалување на приоритетните области содржани во Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година, особено за причините за изоставувањето на областа култура. Воедно, побара од членовите на Советот од редот на државната администрација да подготват анализа за финансирањето на граѓанскиот сектор од институциите кои ги претставуваат во Советот, за 2018 и за 2019 година.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска се осврна на процесот на консултации за Предлог-Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите и објасни дека согласно забелешките од 8-та седница на Советот, како и од јавната расправа со граѓанские организации, одржана на 17.12.2018 година во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар, Одделението за соработка со невладини организации ја преработи Предлог-програмата, при што е намален бројот на грантови од 40 на 20, а зголемена е висината на грантовите од 300.000 на 600.000 денари. Исто така, намален е бројот на приоритетни области содржани во Програмата, согласно предлозите на учесниците на јавната расправа и укажувањата да не се финансираат области за кои други органи на државната управа имаат предвидено средства во Буџетот за 2019 година. Огласот за финансиска поддршка на здруженија и фоднаии е објавен на 31.1.2019 година и трае до 5.3.2019 година.

Претседателката Фани Каранфилова Пановска предложи да се одржи посебна тематска седница на Советот за финансиската поддршка на граѓанските организации

од страна на Владата и органите на државната управа, а поврзано и со активносите од мерката 6. Воспоставување на транспарентен и доверлив модел на државно финансирање со воспоставување на единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти. За оваа седница, Одделението за соработка со невладини организации да обезбеди информации за доделените средства од страна на органите на државна управа на граѓански организации во 2018 година и за планираниот буџет за оваа намена во 2019 година.

Гордана Гапиќ-Димитровска со цел поефикасна работа на Советот, побара од Одделението за соработка со невладини организации во идната материјалите по точките од Дневниот ред да бидат означени: за информирање, за расправа и за одлука и да подготвува Предлог-заклучоци по нив, пред одржувањето на седницата на Советот.

*

*  *

Седницата заврши во 16:45 часот.

10-та седница на Советот ќе се одржи на 7.03.2019 година во 12:00 часот.

11-та (тематска) седница на Советот, за финансиска поддршка на граѓанските организации од буџетот на Владата и органите на државната управа во 2018 и 2019 година, ќе се одржи на 19.03.2019 година во 12:30 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска
Контролирала: Сања Савовска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска